Оливер БАКРЕСКИ

**УДК: 327.36(100:497.7**

# ЧЛЕНСТВОТО ВО ПАРТНЕРСТВОТО ЗА МИР КАКО ОСНОВА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО НАТО И ОСТВАРЕНАТА КООРДИНАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНО НИВО

***Кратка содржина***

*Асоцирањето на Република Македонија во НАТО е тема која е секојдневно присутна во нашата држава. Посебна актуелност и важност на темата и дава тоа што во Република Македонија е присутна мисијата на НАТО, забрзани се реформите во Армијата за исполнување на стандардите на НАТО, интензивирано е учеството во мисии кои ги предводат членките на Партнерството за мир и ја очекуваме поканата за членство во НАТО. Значи, може да се констатира дека станува збор за мошне значајна проблематика која претставува и основен мотив за проучување на прашањата кои се поврзани со нашето интегрирање во НАТО. На патот кон нашиот прием во НАТО како воено-политичка организација соодветно внимание треба да му се посвети на иницијативата Партнерство за мир. Оваа амбициозна програма беше формирана во почетокот на деведесетите години на минатиот век и во основа придонесува да се подготват државите претенденти за членство во НАТО преку конкретна програма и поддршка. Во основа земјите членки на НАТО го издигнаа Партнерството за мир на највисоко политичко ниво со стратегискиот концепт, додека партнерите од програмата ПзМ потполно го поддржаа и дадоа значителен придонес во остварување на целите на НАТО.*

***Клучни зборови:*** НАТО, *ПАРТНЕРСТВО ЗА МИР* (ПЗМ), *КООРДИНАЦИЈА, БЕЗБЕДНОСТ, БЕЗБЕДНОСНА СРЕДИНА*

## Вовед

Во текот на последните десетина години се случија темелни промени во рамките на Евро-атлантското партнерство. Денес, на почетокот на XXI век, НАТО развива основа за безбедност во целиот свет и конкретно изразува подготвеност за извршување на операции со широк спектар на задачи кои се однесуваат на зајакнувањето и проширувањето на стабилноста во Европа.

Во јануари 1994 година НАТО ја пушти во работа програма „Партнерство за мир", со Рамковен документ, Декларација и покана за поранешните членки на Варшавскиот пакт да земат активно учество во програмата. Секој поканет партнер имаше обврска да состави заедно со НАТО програма прилагодена кон своите потреби и можности. Овие програми подоцна претставуваа заедничка основа за вклучување во заеднички вежби за зачувување на мирот или хуманитарни операции.

Учеството на НАТО заедно со неговите партнери од „Партнерството за мир" и овозможуваат на Алијансата политичка контрола врз спроведување на одредени мисии. Ова придонесе да се губи контролата врз мировните опарации од страна на ООН со што се создава приматот за создавање на Алијанса која ќе има примарна задача да изведува вакви опарации.

Нема сомневање дека „Партнерството за мир" (ПзМ) има превземено големи чекори за постигнување на своите амбициозни но сепак реални цели. Намерата на земјите членки на ПзМ да учествуваат заедно со државите членки на НАТО во зачувување на мирот во светот останува непроменета.

## 1. Партнерство за мир

Под одлучувачко американско влијание, но и со помош на германската дипломатија, во јануари 1994 година[1], покрената е иницијативата Партнерство за мир (ПзМ), со која на државите од Источна Европа и бившиот Советски Сојуз, но и на неутралните европски држави, им е понудена програма за заедничка соработка со НАТО, како прв чекор кон членство во Алијансата.

ПзМ е формирано како израз на заедничкото убедување дека стабилноста и безбедноста на евроатлантската област може да биде постигната само преку соработка и заедничко дејствување. Заштитата и промовирањето на фундаменталните слободи и човекови права и бранењето на слободата, правдата и мирот преку демократија се заеднички вредности кои се фундаментални за Партнерството.

[1] Тогаш шефовите на држави и влади на членките на НАТО ги повикаа државите членки на ОБСЕ да им се приклучат во оваа нова програма која првенствено ќе се темели на дијалог и соработка.

Програмата ПзМ е воспоставена во рамките на Северноатлантскиот совет за соработка (NACC – North Atlantic Cooperation Council). Советот е основан во 1991 година[2]. ПзМ првенствено се насочи кон конкретна воена соработка со НАТО и со одделни држави, додека NACC се промовира како мултилатерален форум за разговарање за политички и безбедносни прашања, како и за размена на информации за проблемите во економијата и животната средина.

Иницирањето на оваа амбициозна програма доведе до нов правец во односите меѓу НАТО и нејзините партнери, овозможувајќи да се развие воена соработка која би одговарала на интересите и на можностите на земјите учеснички.[3]

Програмата на ПзМ се фокусира на соработката во одбраната, но оди и еден чекор понатаму во дијалогот и соработката со цел да создаде вистинско партнерство меѓу секоја од земјите партнери и НАТО. Таа стана значајна одлика на европската безбедносна архитектура која помага во ширењето на политичката и воената соработка низ цела Европа. Со ова програма се зголемува стабилноста, се намалуваат заканите по мирот и се градат зајакнати безбедносни односи засновани врз практичната соработка и залагање за демократските принципи, што е всушност основата на Алијансата. Во согласност со рамковниот документ на ПзМ, кој беше издаден од страна на шефовите на влади и држави, паралелно со поканата за ПзМ, НАТО ја превзема одговорноста да се консултира со секој активен партнер, ако тој партнер има сомневање за директна закана врз неговиот територијален интегритет, политичка независност или безбедност.[4]

Во почетокот на реализирањето на иницијативата Партнерство за мир, Клинтон при неговата посета во Прага на северноевропските лидери ќе им порача дека оваа програма го менува дијалогот во НАТО, така што прашањето не е повеќе дали НАТО сака да прими нови членови туку кога и каде.[5]

Во согласност со поканата од страна на НАТО за прием на нови членки, во почетокот на 1994 година, земјите што сакаат да

---

[2] Северноатлантскиот совет за соработка во мај 1997 година беше заменет со Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС).

[3] THE NATO HANDBOOK, *50th Anniversary Edition, Office of Information and Press*, NATO-1110 Brussels, Belgium, 1998, p.86

[4] NATO Handbook, Office of Information and Press, Brussels, 2001, p.75.

[5] Според NATO Enlargement - Who? (bez ime na avtorot), Federation of American Scientists Home Page.

земат учество во ПзМ имаат обврска да го потпишат „Рамковиот документ" со кој го потврдуваат нивниот ангажман за заштита на демократското општество и почитување на принципите на интеграциониот закон, да ги исполнат во добра волја обврските од Повелбата на ООН и принципите на Општата декларација на човековите права, да се воздржат од закана и од употреба на сила, да го почитуваат постоењето на границите и да ги решаваат споровите по мирен пат.

Рамковиот документ на ПзМ вклучува посебни дејности што треба да бидат направени од сите учеснички во соработка со НАТО за исполнување на целите на програмата. Тие цели се следните:

- олеснување на процесот на планирање и буџет во националната одбрана;
- осигурување на демократската контрола на одбранбените сили;
- способност и подготвеност за придонес во операциите во надлежност на ООН или одговорност на ОБСЕ;
- развој на воената соработка со НАТО во заедничко планирање, обука и вежби за зајакнување на способноста на учесниците во ПзМ да преземаат мисии на полето на зачувување на мирот и хуманитарните операции и слични други акции;
- развој во поширока смисла на силите способни да дејствуваат заедно со силите на НАТО.[6]

По потпишувањето на Рамковиот документ, секој партнер изработува свој „Документ за презентација" во НАТО. Од овој документ може да се види можноста, темпото и нивото на учество во активностите на соработка со партнерите и НАТО. Документот за презентација, исто така, ги покажува и чекорите што треба да се направат за да можат да се остварат некои цели, но, исто така, тој служи и како основа за развивање на Индивидуалната програма која ја изработува државата учесник во ПзМ.

Значи, врз основа на тоа се изработува Самостојна програма за партнерство, како и Работна програма која се базира на сопствените приоритетни барања од листата на активности.

Сите можности за соработка се опфатени во Работната програма на ПзМ, а тие се следниве:

---

[6] THE NATO HANDBOOK, *50th Anniversary Edition, Office of Information and Press*, NATO-1110 Brussels, Belgium, 1998, p. 88.

- работи од областа на воздушната одбрана;
- контрола на воздушниот простор;
- идејни, плански и операциони аспекти во зачувување на мирот;
- контролирање на кризите;
- одбранбено планирање и буџет;
- демократска контрола над вооружените сили и другите одбранбени структури;
- електронска војна;
- воено образование, обука и наука;
- операциони, физички и административни форми на стандардизација и др.[7]

Во рамките на ПзМ постои Работна група за воена соработка која работи како советодавно тело на Воениот комитет.

Основното работно тело што се грижи за работите на ПзМ е Воено-политичкиот управен комитет на ПзМ.[8]

Координативното тело на ПзМ е основано во Монс, Белгија каде што е сместен Врховниот штаб на сојузните сили за Европа. Тоа работи под раководство на Северноатлантскиот совет и негова задача е да ги координира здружените воени активности во ПзМ и да ги спроведува дејностите потребни за исполнување на воените цели на ПзМ.

Програмата ПзМ не подразбира дека неговите членови ќе бидат примени во Северноатлантскиот сојуз, но претставува дополнително мотивирање за владите во посткомунистичките земји за полноправно членство Ј. Теокаревиќ Б. Милинковиќ (Teokarević J. – Milinković B., 1998:81). Сепак и покрај тоа, полноправното членство во НАТО остана финална цел на оние држави што му пристапија на Партнерството за мир. И уште нешто. Како производ на воените и одбранбените аспекти на еден ваков договор, земјите партнери очекуваа, исто така, дека ќе остварат поблиски врски со Алијансата што ќе им обезбедат зголемени инвестиции од Запад, поради зголемената економска стабилност и демократија.[9]

---

[7] Ibid., p.93.

[8] Неговата главна цел е да го советува Советот, за прашања важни за ПзМ, да ја координира работата на Работната програма, да развива дејности од воено-политички карактер за да може истите да бидат внесени во Работната програма за партнерство, да раководи со самостојните програми и да ги прикаже пред Советот за одобрение и да го координира процесот на планирање и ревизија.

[9] Jenna Morgan and Martin Butcher, *NATO and Military Security in Europe – The Partnership for Peace*, Issues in European Security, no.1, June 1994.

## 2. Република Македонија и Партнерството за мир како и остварената координација на национално ниво

Вклучувањето на Република Македонија во програмата „Партнерство за мир", претставува прв чекор во процесот кон зачленување во НАТО, како нејзина полноправна членка.

Република Македонија е една од првите земји која во јануари 1994 година ја поздрави иницијативата „Партнерство за мир" како карактеристика на европската одбранбена архитектура и изрази цврста определба да и се придружи, убедена дека со основните постулати на својата надворешна политика - разрешување на отворените прашања по пат на дијалог и подготвеност за соработка со соседите, може да придонесе за стабилност на регионот и на европскиот континент.[10]

Во 1995 година Република Македонија стана членка на ПзМ, со што се вклучи, заедно со другите земји партнери, во изградбата на новата безбедносна структура на континентот. Потврда на таквата ориентација беше целосниот консензус на сите парламентарни и вонпарламентарни политички партии и огромната поддршка на граѓаните, која се формализира со одлуката на Собранието на Република Македонија за пристапување кон НАТО.[11]

Значи, со потпишувањето на Рамковиот документ, на 15.11.1995 година, Република Македонија пристапи кон иницијативата Партнерство за мир. Со тоа нашата држава се стекна со правата, но и со обврските што произлегуваат од овој документ. Потоа, во март 1996 година беше прифатена Индивидуалната програма на Република Македонија за учество во програмите на Партнерството, што подразбира и претстој на наши воени единици во други земји, како и на воени единици од тие земји кај нас.[12]

---

[10] Our Way to NATO, 2003: Ministry od Defence, Republic of Macedonia, December, p. 20.

[11] Собранието на Република Македонија на својата седница од 23.12.1993 година, донесе Одлука за пристапување кон полноправно членство кон Северноатлантската договорна организација.

[12] Прва воена единица на АРМ што учествуваше на воена вежба на НАТО беше единицата за специјални намени „Скорпиони" која учествуваше на вежбата наречена „Мировен орел", во Република Албанија на 13.07.1996 година.

Во март 1996 година Република Македонија беше примена во Северноатлантскиот совет за соработка, а во јуни 1996 година со САД го потпиша ПзМ СОФА договорот.[13]

Од средината на 1996 година РМ има свои офицери, претставници во седиштето на НАТО во Брисел и во Координативната ќелија на ПзМ во Монс, а во јануари 1997 година се приклучи кон Процесот за анализа и планирање на НАТО (ПАРП), наменет за земјите членки на Партнерството за мир.

Во јуни 1997 година Република Македонија стана членка на новоформираниот евроатлантски партнерски совет, кој претставува поширока рамка за соработка меѓу партнерите од неговиот претходник – Северноатлантскиот совет за соработка.

Во 1998 година Република Македонија отвори и своја мисија при НАТО во Брисел.

Република Македонија заедно со другите партнери постојано ја истакнува својата заинтересираност за членство во НАТО. Ваквата определба беше потенцирана на самитите во Вашингтон (1999), Прага (2002), и во Инстанбул (2004).

Република Македонија ја смета Индивидуалната програма на Партнерството (ИПП) за основен инструмент и метод со кој плански, организирано и брзо ќе се продлабочат, ќе се прошират и ќе се усвојат знаењата за процедурите, методите и техниките за општите, посебните и специјализираните области кои треба да помогнат за приближување кон НАТО.[14]

Може да се заклучи дека Партнерството за мир игра значајна улога во проширувањето на НАТО, помагајќи им на земјите кандидати за нови членки на Алијансата, преку учество во активности на Партнерството, да се подготват да ги прифатат предностите и одговорностите што ги нуди евентуалното членство во Алијансата (О. Бакрески, 2002:103).

Во рамките на широката рамковна содржина на активности, Партнерството за мир може да биде клучен елемент за остварување на политиката и на воената соработка со земјите можни кандидати за членство во Алијансата.

---

[13] СОФА договорот го регулира статусот на силите меѓу земјите членки на Алијансата и Партнерството за мир.

[14] *Бела книга на Република Македонија*, Министерство за одбрана на РМ, 31-36.

Проширувањето на НАТО се очекува да придонесе за јакнење на колективната одбрана, транспарентноста и одбранбеното планирање, да се зголеми соработката и да се развива демократијата.

Може да се каже дека, механизмите што се применуваат се ефикасни, но сè уште не се совршени. Исто така, може да се потенцира дека процесот на создавање сестрана структура за идната безбедност е далеку од она што може да се нарече завршен процес.

Во однос на координацијата со цел побрзо приближување кон НАТО, последните години истата ја врши Работниот комитет за евроатлантски интеграции со кој раководи министерот за надворешни работи, негов заменик е министерот за одбрана, а членуваат заменици министри за одбрана, внатрешни работи, надворешни работи, правда, финансии, економија и образование и наука. Ова тело ја предлага националната годишна програма за членство во НАТО што ја усвојува Владата на Република Македонија.

(Рецензент: *проф. д-р Трајан Гоцевски*)

**ЛИТЕРАТУРА**

Бакрески, О., 2002, Државните органи и одбраната, Куманово: Македонска ризница.

Кузев, С., 2002, Збирка документи од областа на безбедноста и одбраната, Скопје: Југореклам.

Македонија во НАТО, 2003, во редакција на Ѓуроски М. и други, Куманово: Форумпринт - Д. Е.

2001, NATO Handbook, Office of Information and Press, Brussels.

NATO Review, Summer-Autumn, 2000.

*NATO and Military Security in Europe – The Partnership for Peace*, Issues in European Security, no.1, June 1994.

NATO Enlargement - Who? (bez ime na avtorot), Federation of American Scientists Home Page.

Our Way to NATO, Ministry od Defence, Republic of Macedonia, December, 2003.

Славески, С., 2003, Националната безбедност на Република Македонија и евроатлантските интеграции, Скопје: Диги принт

Teokarević J., i Milinković B., 1998, *Bezbednost Evrope i žirenje NATO-A*, Beograd: Institut za evropske studije

THE NATO HANDBOOK, *50th Anniversary Edition, Office of Information and Press*, NATO-1110 Brussels, Belgium, 1998

Oliver BAKRESKI

# MEMBERSHIP IN THE PARTNERSHIP FOR PEACE AS BASIS FOR NATO ASSOCIATION AND THE ACHIEVED COORDINATION AT NATIONAL LEVEL

## ABSTRACT

*Association of the Republic of Macedonia to NATO is everyday topic in our country. Special importance to the topic is given by the presence of the NATO mission in the Republic of Macedonia, the intensified participation in missions led by the member states of the Partnership foe peace and our expectation for invitation to become NATO members. Thus, it can be concluded that that this is a very important area of interest, which represents prime motif for study of the issues related to our integration to NATO. On our way to NATO membership, certain attention should be given to the initiative Partnership for Peace. This ambitious programme was established at the beginning of the '90s of the last century and basically contributes for preparation of the aspirant countries for NATO membership through actual programme and support. Mainly NATO member states have elevated the partnership for Peace at the highest political level with the strategic concept, while the partners from the PfP programme have completely supported and have given significant contribution in accomplishing the NATO objectives.*

***Key words:*** NATO, *PARTNERSHIP FOR PEACE* (PFP), *COORDINATION, SECURITY, SECURITY ENVIRONMENT.*